ВЕЧЕРВА ВО БИТОЛА

# Масла на Симеон Узуновски

Во уметничката галерија на Музеј-завод-галерија од Битола вечерва во 19 часот ќе биде отворена самостојна изложба на архитектот Симеон Узуновски, која претставува дел од поставката што Музејот на град Скопје ја подготви во 1995 година по повод 20-годишниот јубилеј во творештвото на овој автор.

На изложбата ќе бидат прикажани 40-дела: масла, колажи, апликации, а потоа истата поставка ќе биде пренесена во Штип. Досега е прикажана во Куманово, Скопје и на Капри (Италија). Узуновски реализирал вкупно 50 самостојни изложби од 1977 година до денес.

С.Ѓ.